# <u>УПАТСТВО ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ ПРАКТИЧНА НАСТАВА НА СТУДЕНТИ</u>

Согласно *Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите* објавен во Службен весник на Р.Македонија бр.120/10, Економскиот факултет – Скопје, УКИМ со организациите/ институциите - соработници каде испраќа свои студенти на пракса склучува Договор кој ја регулира практичната настава на студентите (кој патем не е обврзувачки за организациите/ институциите - соработници и не значи дека истите ќе имаат обврска да обезбедуваат пракса за наши студенти на редовна основа).

Со цел да биде валидна Упатницата која Факултетот им ја издава на студентите-практиканти, потребно е овој Договор да се пополни од страна на организациите/ институциите - соработници, да се отпечати во 4 примероци, примероците да се потпишат од одговорното лице на институцијата/организацијата-соработник, и 4-те примероци со печат и архивски број, да се достават до Факултетот за потпис. Откако истите ќе бидат потпишани, и заверени од страна на Факултетот, секоја од страните-потписнички добива по 2 примероци.

Со тоа, соработката ќе биде официјализирана, и ќе може Економскиот факултет-Скопје да испраќа практиканти, на барање на организациите/ институциите – соработници.

**Напомена:** Со цел за поефикасно завршување на процедурата за склучување Договор за реализирање практична настава на студенти, потребните документи т.е. **Договорот** и **Упатницата** можете да ги симнете овде.

**ДОГОВОР**
**УПАТНИЦА**

Воедно, потпишаниот и заверен Договор, институцијата/организацијата-соработник може да го достави:

1. **По пошта**, на следнава адреса:
   До Центар за кариера
   Економски факултет-Скопје, УКИМ
   Бул.„Гоце Делчев" 9В
   1000 Скопје

2. **По електронски пат**, во скенирана форма на следниов контакт:
   marijanasekulovska@eccf.ukim.edu.mk со назнака: **Договор за практична настава**

Со почит,

м-р Маријана Секуловска
Раководител
Центар за кариера
Економски факултет-Скопје
Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје
Бул.Гоце Делчев 9В
Скопје
Република Македонија
Тел: 02/3286-835
Факс: 02/3118-701
E-mail: marijanasekulovska@eccf.ukim.edu.mk